**Прилози: Македонска академија на науките и уметностите, Одделение за биолошки и медицински науки = Contributions: Macedonian Academy of Sciences and Arts, Section of Medical Sciences;** ISBN 0351-3254; од број 2/2014 ISSN 1857-9345; првиот волумен е издаден во 1969 год.; од 2013 год. излегува три пати годишно; од 2002 год. главен и одговорен уредник е академик проф. д-р Момир Поленаковиќ, а од 2020 год. академик проф. д-р Нада Поп-Јорданова; списанието е **со меѓународен уредувачки одбор**, индексирано е на **PubMed** (од 2004 год.). Во електронска форма списанието може да се најде на следната веб страница: http://www.manu.edu.mk/prilozi/
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/Clarivate analytics.

**Македонски медицински преглед (Мак Мед Преглед)**, ISSN 0025-1097, списание на Македонското лекарско друштво; првиот волумен е издаден во 1946 год.; од 2016 год. главен и одговорен уредник е проф. д-р Соња Генадиева-Ставриќ; од 2008 год. се издава во три броја годишно; списанието е **со меѓународен уредувачки одбор** од 2011 год. бр. 2. Почнувајќи од вол. 70 од 2016 година, трудовите се достапни на https://mld.mk/mmr/
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор,** според Thomson Reuters/Journal Citation Reports.

**Acta Morphologica: публикација на Здружението на анатоми и морфолози на Македонија (Acta Morphol)**; ISSN 1409-9837; издавач е Здружението на анатоми и морфолози на Македонија; главен и одговорен уредник е проф. д-р Добрила Тосовска-Лазарова; првиот број е публикуван во 2004 год.; излегува два пати годишно; списанието е **со меѓународен уредувачки одбор** од 2011 година (вол. 8); трудовите се достапни на следнава веб страница: www.webdoctor.com.mk
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.

**International Medical Journal Medicus (IMJM),** ISBN 1409-6366; издавач е Здружението на лекари Албанци од Македонија; првиот волумен е публикуван во 2004 год. (како **Medicus**) и прв главен и одговорен уредник е проф. д-р Ремзи Изаири, од 2013 год. проф. д-р Азис Положани, а од 2017 проф. д-р Невзат Елези; излегува два пати годишно; списанието е **со меѓународен уредувачки одбор** од бр. 1 од 2011 год.; трудовите се публикуваат на англиски и/или албански и/или македонски јазик; од 2013 год. списанието е достапно во електронска форма на: http://www.imjm.mk/, и на www.medalb.com
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт факт**ор, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.

**Македонско списание за офталмологија = Macedonian Journal of Ophthalmology (MJO),** ISSN 1857-9523, издавач е Здружението на офталмолози на Македонија; главен и одговорен уредник е проф. д-р Весна Димовска-Јорданова; првиот волумен и број е издаден во 2014 год.; излегува два пати годишно; има **меѓународен уредувачки одбор**. Списанието е достапно во електронски облик на страницата на Здружението www.zom.mk
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.

**Macedonian Journal of Anesthesia (MJA),** списание на Здружението на лекари по анестезија, реанимација и интензивно лекување; ISSN 2545-4366; главен и одговорен уредник е проф. д-р Мирјана Шошолчева; првиот волумен/број е издаден во мај 2017 год.; излегува четири пати годишно; има **меѓународен уредувачки одбор**. Списанието е достапно на: http://e-mja.finki.ukim.mk/
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/Clarivate analytics.

**Journal of Morphological Sciences (JMS),** списание на Македонската асоцијација на доктори по анатомија; ISSN 2545-4706, главен и одговорен уредник е проф. д-р Билјана Зафирова; првиот волумен е издаден во 2018 год.; излегува два пати годишно; има **меѓународен уредувачки одбор**. Списанието е достапно на: http://www.jms.mk/jms
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.

**Архиви на јавното здравје (Арх Ј Здравје) = Archives of Public Health (Arch P Health)**; ISSN 1857-7148; издавач е Институтот за јавно здравје на Република Македонија; главен и одговорен уредник е проф. д-р Гордана Ристовска; првиот број е издаден во 2009 год.; излегува два пати годишно; списанието е **со меѓународен уредувачки одбор** од 2011 год. Списанието е достапно на https://www.id-press.eu/aph/, а некои броеви може да се најдат и на страницата на Институтот за јавно здравје на Република Македонија (http://www.iph.mk/multimedija/dokumenti/arhivi-na-javnoto-zdravje/).
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.

**Епилепсија и Неврологија/Epilepsy and Neurology,** списание на Лига против епилепсија на Република Македонија, кој е и издавач; ISSN 1409-617X; од 2007 година главен и одговорен уредник се проф. д-р Дијана Никодијевиќ и проф. д-р Емилија Цветковска; излегува два пати годишно; списанието е **со меѓународен уредувачки одбор** од 2010 год.; од 2013 го менува насловот во Епилепсија и Неврологија; претходно Епилепсија. Последен издаден број е 49/50, година 17/18 (за 2018).
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор,** според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.

**Македонски ортопедско-травматолошки гласник = Acta Ortopedica et Traumatologica Macedonica**, списание на Македонско друштво на ортопеди и трауматолози (MADOT), кој е и издавач, (Acta Orthopaedica Traumatol Maced); ISSN 1409-8814; од 2014 (вол. 7) претседател на Редакцискиот одбор е доц. д-р Милан Самарџиски и оттогаш списанието е **со меѓународен редакциски одбор**.
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.

**Balkan Journal of Medical Genetics,** ISSN 1311-0160 е меѓународно научно списание; издавач е Македонската академија на науките и уметностите во Скопје; излегува двапати годишно; од 2012 год. еден од главните уредници е д-р Дијана Плашеска-Каранфилска; списанието е со **отворен пристап**. Списанието е индексирано во PubMed Central, Scopus, Embase, Science Citation Index… Сите потребни информации и електронски пристап до трудовите може да се најдат на следната веб страница: http://www.bjmg.edu.mk/
За **2020** година списанието **има фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics од **0.519**

**Physioacta,** списание на Здружението на физиолози и антрополози на Македонија, ISSN 1857-5587; издавач е Медицински факултет, Институт за физиологија и применета антропологија; главен и одговорен уредник е проф. д-р Весела Малеска-Ивановска; првиот волумен е издаден во 2007 год.; списанието е **со меѓународен уредувачки одбор** од бр. 1 од 2010 година (вол. 4); од 2013 год. излегува три пати годишно. Списанието нема своја веб страница.
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.
Од 2021 година списанието **повеќе не се публикува**.

**Macedonian Veterinary Review: International Scientific Journal of the Faculty of Veterinary Medicine** (печатена верзија p-ISBN 1409-7621, електронска верзија e-ISSN 1857-7425); издавач е Факултетот за ветеринарна медицина од Скопје; главен и одговорен уредник е проф. д-р Лазо Пендовски; излегува два пати годишно, само на англиски јазик; списанието е **со меѓународен уредувачки одбор** од 2010 год.. Списанието е индексирано во Scopus. Списанието е со **отворен пристап** и е достапно на www.macvetrev.mk
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.

**Македонски фармацевтски билтен = Macedonian Pharmaceutical Bulletin** (печатена верзија ISSN 1409-8695, електронска верзија ISSN 1857-8969); издавач е Македонско фармацевтско друштво; главен и одговорен уредник е проф. д-р Светлана Кулеванова, а има **меѓународен уредувачки одбор**; излегува два пати годишно. Списанието е индексирано во Ebsco. Од 2001 год. списанието е достапно на http://bulletin.mfd.org.mk/
Заклучно со 2020година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.

**Македонски стоматолошки преглед = Macedonian Dental Review** (ISSN 0350-8129); издавач е Стоматолошки факултет во Скопје; првиот волумен е издаден во 1977 год. Од 2018 год. главен и одговорен уредник е проф. Ќиро Ивановски; од 2013 е **со меѓународен уредувачки одбор** и започнува да се издава во електронска форма, на CD. Во 2017 год. направена е дигитализација на сите изданија на списанието и тие се достапни на http://stomfak.ukim.edu.mk/македонски-стоматолошки-преглед/
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.

**Дефектолошка теорија и практика (ДТП) = Journal of Special Education and Rehabilitation (JSER),** (печатена верзија ISSN 1409-6099, електронска верзија eISSN 1857-663X); издавач е Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Македонското научно здружение за аутизам и Сојуз на дефектолози на Р. Македонија; излегува два пати годишно како двоброј; од 2018 год. главен и одговорен уредник е проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска; списанието е **со меѓународен уредувачки одбор**, а сите потребни информации и електронски пристап до трудовите може да се најдат на следната веб страница: http://jser.fzf.ukim.edu.mk
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/Clarivate analytics.

**BANTAO Journal: Journal of the Balkan Cities Association of Nephrology, Dialysis, Transplantation and Artificial Organs,** ISSN 1312-2517; издавач е Здружението за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи од балканските градови, првиот волумен е издаден во 2003 год.; од 2009 година главен и одговорен уредник е проф. д-р Гоце Спасовски, а членови на Уредувачкиот одбор се претставници од различни градови од балканските земји, што значи списанието е **со меѓународен уредувачки одбор**; излегува два пати годишно и достапно е на https://www.bantaojournal.com/
Заклучно со 2020 година списанието **нема** добиено **фактор на влијание, импакт фактор**, според Thomson Reuters/ Clarivate analytics.